ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/26-94*
*20.08.2026*
*Ш т и п*

До:

Државни органи, јавни институции, установи, правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026 година со Одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.21) Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета по** Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од југ и југоисток со осовина на ул."Никола Бастов",
- од североисток со осовина на магистрален пат А3 ( експресен пат)
- од запад и северозапад со следниве катастерски парцели КП 159, КП 157, КП 150, КП 893, КП 889, КП 380.

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации. Според опишаните граници за Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 14,47ха. Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 34 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2026 (четврток) до 13 октомври 2026 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 24 септември (четврток) 2026 година во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**